Покрај ова Претседателот на Судот на честа без притоа да увиди дека ова обвинение се однесува на работата на собранието, односно точно е уредено со Деловникот за работа на Собранието на Стоматолошка комора, има точна процедура по која треба да се постапи, односно го занемариле **членот 38 од Деловникот за работа на Собранието** во кој се вели „Доколку некој од членовите на Собранието отсуствува неоправдано на повеќе од две седници, **Претседателот на Собрание го известува Претседателот на Регионалниот одбор од каде е избран членот на собранието, со барање да превземи соодветни мерки,** односно да биде отповикан доколку така одлучи регионот со процедура за отповикување која е пропишана во Правилникот за избори и отповикување врз основа на член 5 став 2 од истиот правилник кој вели:

**Членот во регионалниот одбор, односно делегат во Собранието на комората може да го отповика само избирачкото тело кое го избрало.**

Член 9 од Деловникот за работа на Судот на честа, исто така јасно кажува за што може да изрече мерки, односно

**„Судот на честа може да ги изрече само мерките кои се пропишани со закон за здравствена заштита и статутот на комората"**

Воедно, врз основа на Статутот од СКМ :

Член 20 (1)

**На делегат во Собранието може да му престане мандатот и пред времето за кое е избран ако:**

1. биде отповикан според услови утврдени со член 15 од овој Статут;

2. даде оставка;

3. биде осуден со правосилна судска одлука на казна затвор во траење подолго од 6 месеци;

4. ако од Судот на честа **биде осуден за потешко прекршување на Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија**;

5. со престанок на членувањето во Комората.

Zapisnik sobraniska 03.07.2018.pdf

По изјавените неприфаќања Др Манасиев го даде предлогот на гласање по што со 32 гласа [illegible]
, Обвинителот на Комората и неговите заменици, бранителите на Комората како и председателите и членовите на постојаните комисии на Комората.

*Врз основа на член 21 точка 6, 7, 8, 13, 14, 15 и член 35 точка 12 и 13 од Статутот, Собранието на Стоматолошка комора на Македонија,на седницата одржано на 03.07.2018 година донесе*

*ОДЛУКА*

*За избор на преседателот и членовите на Суд на честа , Обвинителот на Комората и неговите заменици, бранителите на Комората како и председателите и членовите на постојаните комисии на Комората.*

*Член 1*

*На предлог на претседателот на Стоматолошка комора на Македонија, Собранието за членови на комисии и тела на Комората ги избра:*

*Суд на честа*

*Д-р. Катерина Стаменковска - претседател*

*Членови : д-р. Мирјана Ангеловска, д-р. Диме Цветков, д-р. Марјан Ристевски, д-р. Методи Читкушев, д-р. Мишко Левков , д-р. Јета Лимани, д-р. Игор Цаневски, д-р. Сашко Јорданов, д-р. Фатмир Ахмети , д-р. Валмир Села , д-р. Арлинда Џељалдини, д-р. Звезда Кочов, д-р. Михајло Петровски , д-р. Емица Младеновска Спасиќ*

*Обвинител и заменици на обвинител*

*Обвинител –д-р. Бруно Николовски*

*Заменици на обвинител : д-р. Антонио Митевски, д-р. Фламир Хавзиу*

*Бранители*

*д-р. Марјан Пасков , д-р. Весна Илиевска, д-р. Биљана Видоеска, д-р. Боби Мицевски, д-р. Весна Панова, д-р. Назми Ферати, д-р. Исмаил Јусуфи, д-р. Бранко Младеновски , д-р. Павле Јованчев*

*Комисија за стручни стоматолошки прашања*

*Д-р. Киро Папакоча - претседател*

*Членови: д-р. Линдихана Емини-заменик , д-р. Елизабета Ѓоргиевска, д-р. Габриела Чучкова, д-р. Амет Демири, д-р. Владо Ванковски, д-р. Грчев Александар*

*Комисија за економски прашања*

*Д-р. Зоран Нунев - претседател*

*Членови: д-р. Горан Мишевски, д-р. Маријана Ошкова Тилева , д-р. Кире Алексов, д-р. Артан Салиу*

*Комисија за статутарни и правни прашања*

*Д-р. Ана Генчовска - претседател*

*Членови: д-р. Драган Китановски, д-р. Иван Нацевски, д-р. Гоце Цветановски, д-р. Џељал Ибраими*

*Комисија за награди*

Сакам да поставам прашање: „Каде во кодексот на стоматолошка етика и деонтологија за неоправдувањето отсуство на седница на собрание пишува дека е тешко прекршување на овој кодекс?

Имено, сакам да ја потенцирам дефиницијата за кодексот на стоматолошка етика и деонтологија „ Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија претставува систем на етички норми врз кои се втемелени взаемните обврски помеѓу стоматолошката професија и општеството и ставени во функција на заштита и унапредување на човековото здравје, на строгото професионално однесување при лекувањето на

пациентот и заштитата на неговиот личен интегритет и на интегритетот на секој стоматолошки работник ."

Измените на член 38 став 4 од Деловникот за работа на Собрание кои беа направени на последната седница, за која што точка не ми беше дадено збор и поради што ја напуштив седницата во знак на протест поради ускратеното право да се изјаснам по точката, се коси со одредбите од Статутот на СКМ и Правилникот за избори и отповикување каде јасно се наведени ингеренциите на ЦИК. Со оваа измена вие давате нова ингеренција на ЦИК која е противстатутарна и спротивна на одредбите на правилникот за избори и одповикување . Ова го спомнувам бидејки второстепениот судски совет се повикува на промената на овој член кој е направен на 26.12.2018 и не може да важи ретроградно за отсуствата кои биле направени пред да биде донесена таа одлука и покрај тоа што истата се коси со Статутот на СКМ и одредбите од Правилникот за избори и отповикување.

Поради сите овие наведени факти и докази, БАРАМ јавно извинување од страна на Претседателот на Судот на честа , го повикувам Надзорен одбор а и Судот на честа да ги поништат сите пресуди кои на овој начин се донесени , јавно да се извинат за нарушување на угледот на колегите кои беа неправедно осудени и јавно омаловажени пред сите колеги, мене јавно да ми се извинат за клеветата дека текстот кој сум го напишала е невистинит и да им остапат места на колеги кои во иднина ќе си ја вршат совесно работата која им е доделена без злоупотреба на доделената должност.

Д-р Дафина Богеска